Victorian Seniors Festival
40 Years
2022



Takin' it Easy



Macedonian

# Викториски фестивал на постари лица

Годишната прослава на постарите жители на Викторија, Викторискиот фестивал на постари лица, се одржува во текот на октомври секоја година.

Во Викторискиот фестивал на постари лица се вклучени илјадници бесплатни и евтини настани ширум Викторија, што ги одржуваат 79 општински и 450 други групи.

### Вклучете се во забавата во октомври

Секоја општина создава специјални настани и активности во чест на постарите и старите лица.

Еве некои од главните забави и бесплатни настани во кои можете да уживате:

**Ден на прослава, недела, 2 октомври 2022 Federation Square, Мелбурн.**

12 напладне - 7.00 навечер

Бесплатен настан за постари лица и за нивните пријатели и семејства.

Изобилство од одлична музика, танци и изведби. Паноа и информативни пунктови.

Официјално отворање на Фестивалот 2022 и Добредојдовте во земјата во 1 попладне.

**Festival Hub, понеделник, 3 октомври, до петок, 7 октомври 2022. The Edge, Federation Square, Мелбурн.**

Изведба на Nurse Next Door Home Care Services

Бесплатни дневни концерти, презентации и сесии на работилници. Од 10.30 наутро до 4.30 попладне.

Сите се добредојдени, имаме бесплатен чај и кафе на располагање цел ден.

Програма на бесплатни претстави од 5.30 до 7.30 попладне

### Бесплатен јавен превоз за носителите на викториската Seniors Card

- Од недела, 2 октомври, до недела, 9 октомври 2022, носителите на викториската Seniors Card може да патуваат бесплатно во:
- Возовите, трамваите и автобусите во Мелбурн
- Регионалните меѓуградски и градски автобуси (вклучително во градските автобуски линии во внатрешноста).

### Бесплатни онлајн перформанси на Викторискиот фестивал на постари лица

Годинава со гордост претставуваме специјални аудио програми во кои може да се ужива онлајн, со нови претстави додадени секој месец до ноември.

Посетете www.seniorsonline.vic.gov.au/festival-performances и „кликнете“ на карта за да слушате изведба.

### Дознајте повеќе

- Посетете Seniors Online за календар на фестивалските настани ширум државата во октомври www.seniorsonline.vic.gov.au/festival
- Контактирајте со вашата општина за нивните локални настани во ваша околина.
- Јавете се на корисничката служба на Seniors Card на 1300 797 210 од 9.00 наутро до 2.00 попладне во работни денови.
- За помош на други јазици јавете се на 131 450 и побарајте да ве поврзат со корисничката служба на Seniors Card на 1300 797 210 меѓу 9.00 наутро и 2.00 попладне во работни денови.







www.seniorsonline.vic.gov.au/festival

VICTORIA State Government